ните краишта на Бугарија и дека богомилството сигурно најпрвин се појавило во тие краишта; Драган Ташковски (Скопје) говори за „Глаголаштвото и богомилството во Македонија како претходница на востанието од 969 година“ (221—331); Мирјана Ќоровиќ (Белград) зборува за „Значењето на археолошките податоци од двете преспански цркви од времето на Самоила“ (233—240). Посебно место авторот му посветува на проблемот околу Самоиловата плоча. Потоа се дадени резимеа на рефератите на: Блага Алексова (Скопје), Материјалната култура од Самоилово време (241—242); Марин Тадин (Париз), Цар Самоил и основањето на Дубровничката архиепископија (243—248); Тадеуш Василевски (Варшава), Генеза на Самоиловото царство (249—252); Александар Соловјев (Женева), Охридската патријаршија и руската црква од 988 година (253—254).

Сите реферати имаат резимеа на француски јазик, а исто така на француски јазик се преведени и четирите резимеа.

На крајот, во третиот дел на книгата што носи наслов „ДИСКУСИИ“ (257—303), поместени се дискусиите по одделните реферати поднесени на средбата.

**К. А.**

**Институт за национална историја — Скопје, ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО НИЗ ИСТОРИЈАТА книга прва, — Од праисторијата до крајот на Првата светска војна, Издание на Општинското собрание и на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Прилеп, Прилеп, 1971, 324**

Првиот том на монографијата „Прилеп и Прилепско низ историјата“ фрла примарна светлина на доста богатиот историјат на прилепскиот регион и иницира натамошни истражувања во тој правец

Редакцијата на монографијата ја сочинуваат: Михаило Апостолски, Бошко Бабиќ, Орде Ивановски, Љубен Лапе и Методија Соколоски. Редактори на првиот том се: Љубен Лапе и Методија Соколоски.

Автори на првиот том се: Михаило Апостолски, Бошко Бабиќ, Костадин Кепески, Благоја Китаноски, Блаже Конески, Љубен Лапе, Петар Миљковиќ—Пепек, Антонија Николоски, Драгољуб Ортаков, Сотир Галабоски, Методија Соколоски и Томо Томоски.

Учеството на нашите еминентни научни работници при обликувањето на првиот том само по себе говори за студиозниот пристап при неговото компонирање.

„За разлика од поранешните монографии и истории на Прилеп и неговата околина или на одделни негови културно-просветни установи, авторите на овој труд се обидоа целокупниот општествено-економски, културно-просветен и политички живот на градот и неговата околија да го предадат врз база на проверена и научно фундирана изворна документација и факти.“ (6)

Оваа монографија е посветена на 30 годишнината од Народната револуција.

По краткиот предговор, предаден е краток осврт на географската положба на Прилеп и Прилепско.

Во првиот дел, „Прилеп и Прилепско во праисторијата“ (15—31) е опфатена најстарата култура во прилепскиот регион. Направен е осврт на младата камена епоха-неолит, како и на археолошките локалитети: Пештерица, Чука, Али Чаир, Могила и Бакарно Гумно.

Натаму е презентирана бронзената и железната епоха. Притоа, се говори за археолошките наоди во Прилеп, Сивец, Попадин Дол, Ракида и Калдрма.

Во вториот дел, „Прилеп и Прилепско од елинистичкиот до рановизантискиот период“ (35—71) е разгледан историјатот на прилепскиот регион во пределинистичкиот, елинистичкиот, римскиот, касноримскиот и рановизантискиот период.

Од презентираната материја во двата дела може да се добие јасна слика за импозантниот број археолошки наоди во прилепскиот регион. Она што досега беше познато на потесните научни кругови станува достапно за пошироката наша јавност.

Во третиот дел, „Прилепскиот крај од доаѓањето на словенските племиња до крајот на XIV век“ (75—108) мошне концизно се говори за постанокот и развитокот на средновековниот град Прилеп, за Прилеп во Самоиловото време и во времето на македонските востанија, за прилепскиот регион од XII до крајот на XIV век, како и за социјалната структура на градот и правата и обврските на прилепчаните во XIII и XIV век.

Натаму е предаден осврт на културата и уметноста. Притоа, се говори за Прилеп и Прилепско во археолошките наоди од крајот на VI до крајот на VIII век, за словенската писменост во прилепскиот регион до XV век, за црковната архитектура, како и за живописот на прилепските зографи.

Четвртиот дел е посветен на Прилеп и Прилепско под турската врховна власт од XV до крајот на XVIII век (111—194).

Во овој дел е даден продлабочен и исцрпен преглед на историјатот на прилепскиот регион во презентираниот период.

Во поглавјето за стабилизацијата на турската управа се говори за воведувањето на тимарско-спахискиот систем во градот и околијата, за составот на населението на градот Прилеп од 1445—1545 година, за етничките промени во селата на прилепската нахија, за населението со специјални задолженија во прилепскиот регион. Воедно е предаден осврт врз составот на населението во населените места во прилепската нахија во XV и XVI век и на обврските кон непосредните феудални господари. Покрај тоа се разгледани: состојбата на манастирите и црквите во Прилепско во XV и XVI в. Нахијата Мариово во XV и XVI в., движењето на населението и стопанскиот живот во Мариово во XV и XVI в., општествено-економските промени во тимарско-спахискиот систем во Прилеп и Прилепско, пасивниот и активен отпор против злосторствата и појавата на првата Мариовско-прилепска буна во 1564/65 година, како и финансиската криза во Турција во XVII в. и нејзиниот одраз во Прилеп и Прилепско.

Во ова поглавје се изнесени статистички табели и е дадена исцрпна анализа на истите.

Во второто поглавје на овој дел е разгледана феудалната анархија во Турција во XVIII в. и нејзиниот одраз во Прилепско. Притоа, се говори за притисоците на власта и на муслиманските разбојнички банди, за доселувањето на Албанците во прилепските села и засилување на ајдутството во Прилепско, како и за стопанските прилики во градот и околијата во XVIII в.

Натаму е разгледана просвстата, културата и уметноста од XV до XVIII в. Направен е краток осврт на словенската писменост од XV до XVIII в., на прилепските манастири како културни центри, како и на свидетелствата на уметничката дејност во прилепскиот крај во периодот од XV—XVIII в.

Петтиот дел е посветен на отстранувањето на феудалната анархија и економското издигање на Прилеп од почетокот до 80-те години на минатиот век. (197—240)

Во него е даден исцрпен преглед на општествено-економските прилики до 80-те години на XIX в. Притоа, се разгледани: новите насоки во општествено-економскиот развиток на Турција и нивниот одраз во Македонија, одразот на горните процеси во Прилеп и Прилепско, големата битка кај Прилеп и неговото повторно пљачкање, полетот на занаетчиството и трговијата во градот, отворање на градско училиште и воведување световна настава, прилепската црковно-училишна општина, црковните борби — отфрлање на црковната власт на Цариградската патријаршија и признавање на власта на Бугарската егзархија, почетоците на економското слабеење на Прилеп, како и одразот на Босанско-херцеговското востание и војните на Србија и Русија против Турција во Прилепско.

Натаму е направен осврт на културата, просветата и уметноста во XIX в. Притоа, се говори за словенската писменост и литература во Прилеп и Прилепско, за просветата, црковната архитектура, сликарството, како и за музичкото творештво.

Шестиот дел, „Појава и развој на македонското национално-револуционерно движење во Прилеп и Прилепско" (243—265) го опфаќа бурниот период на поновата историја.

Притоа, се изнесува за првите чети во Прилепско како предвесници на револуционерното движење, за дејствувањето на странските пропаганди во прилепскиот регион, за создавање на местен к-т на ТМОРО во Прилеп, за пробивот на врховизмот во Прилеп, за Прилеп и Прилепско пред и за време на Илинденското востание, за ситуацијата во Прилеп и Прилепско по востанието, како и за Прилепскиот конгрес.

Следниот дел е посветен на Прилеп и Прилепско од Младотурската револуција до Балканските војни (269—276). Притоа, се разгледани причините за избувнување на Младотурската револуција и нејзиниот одраз во Прилеп, краткотрајниот подем во стопанството и учебното дело, како и општествено-политичкиот живот во периодот од 1908 до 1912 година.

Последниот, осми дел е посветен на Прилеп и Прилепско во Балканските и Првата светска војна (279—311).

Во поглавјето за Балканските војни се разгледани подготовките и развојот на Првата балканска војна, придонесот на Македонците во војната, Втората балканска војна, како и односот на српските власти кон училиштата и црквата.

Во последното поглавје за Првата светска војна се говори за причините за избувнување на Првата светска војна, за Прилеп и Прилепско во периодот на борбите на Солунскиот фронт, за организацијата на власта во Прилеп, за воената мобилизација, за ограбувањето и теророт во Прилепско, за отпорот против окупаторските власти, за изградба на комуникации, како и за пробивот на Солунскиот фронт и воспоставувањето на власта во Кралството Србија.

На крајот на првиот том на монографијата е предаден библиографски преглед за основната консултирана изворна документација и литература — и тоа општ и посебен библиографски преглед за секој дел.

Потребно е да се нагласи дека во монографијата се застапени бројни фотографии кои го илустрираат бурното историско минато на прилепскиот регион.

Првиот том на монографијата „Прилеп и Прилепско низ историјата", вака компониран, претставува значаен придонес во расветлувањето на магистралните процеси на историскиот развиток на овој крстопатен македонски регион.

Д. Д.

**Христо АНДОНОВ ПОЛЈАНСКИ, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, I—VI, Култура, Скопје, 1972, 308, 265, 423, 340, 386, (ф. 623)**

Појавата на шесттомникот за Делчев претставува посебен настан за современата македонска историографија.

Шесттомникот претставува најкомплетно дело за животот и дејноста на познатиот корифеј, организатор, идеолог, апологет и стратег на македонското национално-ослободително движење. Во него доаѓа до израз авторовата концепција комплексно, од сите аспекти да го презентира ликот и делото на Делчев.

Шесттомникот претставува своевиден калеидоскоп на животната сторија на Делчев и неговото време.

Тоа е прво дело од ваков вид во македонската историографија.

Намерата на авторот, овој опус „со својата полнота да помогне за подлабоко вникнување во Гоцевата појава во македонското национално-ослободително движење, на времето во кое тој живеел, создавал и дејствувал", (т. I, 5), наполно успеала. На повеќе од две илјади страници се чувствува пулсот на Делчев и неговото време.

Првиот том, монографијата **„Гоце Делчев и неговото време"**, (308), е најрелевантен во овој опус.

Презентираната монографија квалитетно ги надминува сите досегашни монографии за Делчев.

Во неа авторот минуциозно продрел во сржта на кратката, но вонредно богата Делчева животна сторија.

Монографијата е напишана врз научна основа со богат научен апарат.